


,,ЗАЕДНО НИЕ МОЖЕМЕ`` е проект од програмата на ЕРАЗМУС + кој се реализира во нашето училиште.

Активности од проектот се следниве:

- предавања на работилници кои ги направија успешни луѓе од нашата општина со учениците од училиштето:

**Весна Невеселовска** од с.Удово,Валандово е личност која учеше во нашето училиште, а сега е доктор на науки и одржа едукативна средба со ученици од нашето училиште.

На средбата им го претстави на учениците својот личен пример како таа стигнала до успехот во својот живот. Односно им долови на учениците дека животот без зависностите од цигари, алкохол и дрога многу полесно те води

кон успехот. Здравиот живот , здравта исхрана придонесуваат кон физичко и ментално здрваје на личноста и младите луѓе треба да го почитуваат тоа и да ги избегнуваат пороците во животот.





**Докторот Кортов Митко** е доктор по медицина во амбулатата во Валандово, а и волонтер во организацијата ,,Црвен крст`` од Валандово.

Тој одржа едукативна средба со ученици од нашето училиште. На таа средба тој им го објасни на учениците штетното влијание на пушењето врз организмот на човекот. Тој е човек кој во животот го одбрал здравиот живот наспроти пороците и остварил успех.






**Инспекторите од ОВР Валандово : Џингарски Џоко и Кире Тасев** одржаа едукативна средба со учениците од нашето училиште. Нивната специјалност е борба против дрогата во нашата општина.

Тие им ја објаснија состојбата во однос на криминални досиеа за дрога и употреба на наркотични средства во општината. Учениците беа информирани за кривичната одговорност на лицата кои се во контакт со наркотични средства. Исто така им беше доловена ситуација во семејство кое има член

корисник на наркотични средства. Им беше укажано на учениците како да препознаваат и превентивно да влијаат на одредени ситуации.





- реализирање на часови по англиски јазик, култура и снаоѓање во тешки ситуации:







- Со делење на едукативни флаери во нашето училиште се одбележа на денот против наркотиците 31ви мај:





- Презентација за одбележување на светскиот ден против пушењето,
- Есеи напишани на македонски и англиски јазик од учениците на тема за пороците на денешнината, кои ќе бидат објавени во сите седум државо кои се партнери на проектот.